Уп. бр. 08-48

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од друштвото Кансаи Хелиос Коатингс ГмбХ со регистрирано седпште на Игнац Кок-Штрасе 15 1210 Виена, Австрија, доставено преку адвокат Мартин Ивановод Скопје, на седницата одржана на ден 12.03.2024 година, го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека концентрацијата со која Кансаи Хелиос Коатингс ГмбХ со регистрирано седпште на Игнац Кок-Штрасе 15 1210 Виена, Австрија преку својот поврзан субјект КАНСАИ ХЕЛИОС Сервисис Германија ГмбХ со регистрирано седиште на Катариненштр. 61, 52353 Дирен-Меркен, Германија ќе стекне индиректна контрола над ВАЈЛБУРГЕР Коатингс Гмбх со регистрирано седпште на Ахаузер Вег 12 - 22, 35781 Вајлбург, Германија и директна контрола над ВАЈЛБУРГЕР АЗИЈА ЛИМИТЕД., со регистрирано седипште на 13/F., Чајна Аероспејс Центре, 143 Хои Бун Роад, Квун Таун, Коулун, Хонг Конг и ВАЈЛБУРГЕР Коатингс (ИНДИЈА) Прајват Лимитед со регистрирано седипште на ЦЛ бр. 04, Кандуа Поли Парк, Сандипур, Џаинагар, Хаура – 711 302, Западен Бенгал, Индија, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 15.02.2024, а дополнето на ден 22.02.2024, а до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна на Кансаи Хелиос Коатингс ГмбХ со регистрирано седпште на Игнац Кок-Штрасе 15 1210 Виена, Австрија, со која Кансаи Хелиос Коатингс ГмбХ има намера стекне индиректна контрола над ВАЈЛБУРГЕР Коатингс Гмбх со регистрирано седпште на Ахаузер Вег 12 - 22, 35781 Вајлбург, Германија и директна контрола над ВАЈЛБУРГЕР АЗИЈА ЛИМИТЕД., со регистрирано седипште на 13/F., Чајна Аероспејс Центре, 143 Хои Бун Роад, Квун Таун,

Коулун, Хонг Конг и ВАЈЛБУРГЕР Коатингс (ИНДИЈА) Прајват Лимитед со регистрирано седипште на ЦЛ бр. 04, Кандуа Поли Парк, Сандипур, Џаинагар, Хаура – 711 302, Западен Бенгал, Индија.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

**-Кансаи Хелиос Коатингс ГмбХ, Австрија** е друштво за заедничко вложување контролирана од Кансаи Пеинт Групација. Групацијата Кансаи е активна во производство, развој и продажба на различни видови на премази и синтетички смоли.

Групацијата на подносителот на известувањето (Кансаи Хелиос Коатингс ГмбХ, Австрија) е присутна во Северна Македонија преку ХЕЛИОС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул.Босна и Херцеговина бр.55, Скопје, Северна Македонија кое е активно во трговија на големо со хемиски производи, конкретно индустриски премази и декоративни премази и (во мал обем) други производи како што се лепила и скроб.

-КАНСАИ ХЕЛИОС Сервисис Германија ГмбХ („КХС“) е друштво регистрирано според законите на Германија и е активно во производство и продажба на лакови, бои, вештачки материјали и други хемиски производи, трговија со таквите производи, како и сите дејности поврзани со нив, вклучително и воспоставување подружници, учество во други претпријатија и склучување договори на заинтересирани групи. КАНСАИ ХЕЛИОС Сервисис Германија ГмбХ е 100% ќерка-претпријатие на Кансаи Хелиос Коатингс ГмбХ, Австрија и холдинг компанија на ќерките-претпријатија кои што се активни во развој, производство и продажба на премази во прав и течни и цврсти синтетички смоли.

-ВАЈЛБУРГЕР Коатингс ГмбХ е друштво регистрирано според законите на Германија, и е активно во развој, производство и дистрибуиција на индустриски премази.

-ВАЈЛБУРГЕР АЗИЈА Лтд. е друштво регистрирано според законите на Хонг Конг и е главниот Азиски ентитет на ВАЈЛБУРГЕР Коатингс (WEILBURGER Coatings), исто така активно во развој, производство и дистрибуција на индустриски премази.

-ВАЈЛБУРГЕР Коатингс (ИНДИЈА) Прајват Лтд е друштво регистрирано според законите на Индија и е главниот Индиски ентитет на ВАЈЛБУРГЕР Коатингс, исто така активно во развој, производство и дистрибуција на индустриски премази. 98.7% од акциите на ВАЈЛБУРГЕР Коатингс (ИНДИЈА) Прајват Лтд се во сопственост на ВАЈЛБУРГЕР АЗИЈА Лтд.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност*

*со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**